Здружение за заштита и унапредување на животната средина
ЕКО-ЛОГИК
Бр. 0302-113/1
22.03 2018 год.
СКОПЈЕ
Архивски знак: 0302
Рок на чување: 5 год.
22.03 2018 година
Потпис

***Покана за учество во анализа на Стратегиите за стари лиц, млади и намлаување на сиромаштијата и социјалната исклученост.***

Почитувани,

Здруженијата Еко Логик и Хуманост во период од 18 месеци, почнувајќи од 19-ти декември започнаа со спроведување на проектот "**Инклузивен пазар на труд за одржлив развој на заедницата**", кој е финансиран од Европската Унија, преку Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) при Министерството за финансии на Република Македонија.

Главаната цел на проектот е подобрување на државни насоки и политики поврзани со невработеност на млади, социјални услуги и претприменииштво, и давање на насоки за нивно доближување кон тековни сродни ЕУ насоки и политики, преку остварување на клучен дијалог со политички актери, граѓански организации, бизнис заедница и други заинтересирани страни.

Една од активностите од овој проект е активно вклучување на граѓанските организации во анализата на државните документи односно стратегиите:

- Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјална исклученост 2010-2020
- Национална стратегија за млади 2016-2025
- Национална стратегија за стари лица 2010-2020

Процесот на анализа на стратешките документи е поддржан од Министерството за труд и социјална политика(МТСП).

Ве покануваме да заземете учество во анализа на во анализата на една од овие три стратегии и потребно е да ја опфати само онаа тематска област која е приоритетно поле на делување и работа на самата организација.

Доколку организацијата има желба и сметате дека можете да опфатите повеќе приоритетни области , тоа би било од огромно значење за нас.

По овој отворен процес за анализа на стратегиите и добивање на вашите коментари и предлози ќе се одржат работилници и средби со клучните институции и граѓнскиот сектор и по финализрање на истите ќе бидат предадени до Министерствата надлежни за спроведување на стратегиите.

Отовренеиот процес за анализа на стретгиите е од 22.03.2018 до 06.04.2018 година

Вашите коментари и предлози би ве замолиле да ги препратите на следните е-адреси: ecologic.mk@gmail.com, sashejovanov@humanost.org.mk

За дополнителни прашања можете да се обратите до контакт лицата:
Никола Нешкоски, телефон: 02 6091 961 и 078 365 902
Сашко Јованов, телефон: 02 6091 961 и 077 963 672

Со почит,

Здружение Еко Логик
Никола Нешкоски

Здружение Хуманост
Сашко Јованов